УДК: 616.314–77–053.9

ПРОТЕТСКИ СТАТУС И ПОТРЕБА ЗА ТРЕТМАН КАЈ ГЕРИЈАТРИСКИ ПАЦИЕНТИ ВО ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ЗА СТАРИ ЛИЦА

Николовска Ј.[1], Миндова С.[2], Дирјанска К.[2], Алексова П.[3], Костадинова М.[4], Бојковска С.[5]

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје, [1]Катедра за стоматолошка протетика, [2]Катедра за орална патологија и пародонтологија, [3]Катедра за болести на забите и ендодонтот, [4]ПЗУ Чаир дент - Скопје, [5]ПЗУ СС дент - Скопје, Р Македонија

Цел: *Да се утврди протетскиот статус и потребата од протетски помагала кај стари лица кои се хоспитализирани во јавните геријатриски центри во Р Македонија во релација со социо-економските фактори.*

Материјал и методи: *Анкетирани беа 105 пациенти над 65 год. кои беа хоспитализирани во јавни геријатриски центри. Од вкупно 134 хоспитализирани пациенти, 105 го пополнија прашалникот (29 не беа во можност да го пополнат поради болест). Беше анализиран нивниот протетски статус во релација со социоекономските фактори.*

Статистичка обработка на податоците беше извршена со помош на SPSS 14 статистички програм, а анализа на корелациите со непараметрискиот Fisher exact test (p<0,05).

Резултати: *46 од сите пациенти (43,8%) немаа никакви, а 59 (56,2%) имаа протетски помагала (54 носеа подвижни протези и 5 имаа мостови). Од вкупно 59 пациенти со протетски помагала 14 (23,7%) неможеа да јадат со нив, 18 (30,5%) не ги носеа и 27 (45,8%) беа задоволни. Според сопственото видување, 73 (69,5%) од испитаниците се изјасниија дека им се потребни нови протетски помагала, но заради финансиски проблеми не се во можност. Нема корелација меѓу типот на протетски помагала и потребата за нови (Fisher exact test: p=0,5819). За 93(88,6%) од пациентите мастикаторната функција на забите им е позначајна од нивната естетска функција. Последнава година никој од нив не посетил стоматолог, во последните 5 години посета потврдиле 15(14,3%) лица, подолго од 5 години не биле 39(37,1%) лица, а 51(48,6%) испитаник немал посета на стоматолог подолго од 10 години.*

Заклучоци: *Врз основа на резултатите од нашето истражување можеме да заклучиме дека кај хоспитализираните стари лица во јавните геријатриски центри во Р Македонија постои реална потреба од нови протетски помагала кај 69,5% од испитаниците. Оваа констатација се поклопува со субјективната желба на овие пациенти за санирање на забалото првенствено заради задоволување на нивната мастикаторна функција.*

Клучни зборови: геријатриски пациенти, геријатриски центри, протетски статус

Со продолжување на старосната граница на населението во светски рамки и со зголемување на бројот на населението над 65 год., се повеќе се актуелизира прашањето за развој на оралната здравствена заштита кај оваа категорија население. Според процен-

ки на Обединетите Нации, до 2025 год. во светот ќе има милијарда и двеста милиони луѓе на возраст од 65 години (4).

Од околу 34,5 милиони луѓе над 65 год. кои живеат во САД, во јавните геријатриски центри живеат околу 1,2 милиони стари лица (12).

Демографскиот тренд во Р Македонија е сличен со оној на повеќето земји во светот. Делот од населението кое опфаќа лица над 65 години е во пораст и во периодот од 1998-2008 год. се зголемил од 9,5% на 11,5%(9). Истовремено, современиот начин на живеење придонесува да бројот на стари лица кои живеат во јавните геријатриски центри секојдневно се зголемува.

Нарушеното орално здравје и нетретираните дентални состојби се сериозен проблем кој постои кај лицата од овие институции. Ова особено се однесува за јавните геријатриски центри во земјите со транзициони економии.

Додека се мисли дека „расипаните заби" се релативно мал проблем во споредба со многу општи заболувања кои ги имаат пациентите во овие институции, нетретираните дентални состојби може да предизвикаат големи болки, недоволна исхранетост, социјална изолација и потешки дентални заболувања.

Од друга страна, неспорен е фактот дека компромитираното орално здравје само по себе може да биде ризик фактор за појава на одредени системските заболувања, што рефлектира на општата благосостојба кај старата популација.

Старите лица кои се сместени во јавните геријатриски центри воглавно припаѓаат на ниските социјални категории (3), а многу епидемиолошките студии укажуваат на фактот дека беззабоста е високо поврзана со социо-економскиот статус. Резултатите од студиите покажуваат дека луѓето од ниските социјални класи и со ниски приходи како и индивидуи без образование, имаат повеќе шанси да бидат беззаби отколку лицата со високи приходи и од висока социјална класа (14). Социо-демографските и економски фактори се познати како индикатори за оралното здравје (1).

Од особено значење е тоа што луѓето со низок животен стандард не само што имаат полошо орално здравје од оние со повисоки примања, туку сиромашните луѓе имаат помала контрола врз животните околности и чувствуваат поголем стрес од секојдневното живеење (16).

Двете главни орални заболувања кои ги афектираат старите лица вклучувајќи ги и лицата кои живеат во геријатриските центри се секако денталниот кариес и пародонталните заболувања, меѓутоа оваа популација многу често страда и од проблеми поврзани со протезите како што се трауматски улцерации, протетски стоматитис и хиперплазија предизвикана од протезите (7).

Barysenka во своето истражување за оралното здравје кај стари лица кои живеат во геријатриските центри во Белорусија, констатирала лоша орална хигиена кај овие пациенти и многу голема потреба од протетско третирање, особено кај оние кои не се во можност сами да се движат (3).

ЦЕЛ на студијата е да се утврди протетскиот статус и потребата од протетски помагала кај стари лица кои се хоспитализирани во јавните геријатриски центри во Р Македонија во релација со социо-економските фактори.

Материјал и метод

Истражувањето беше спроведено во 2010 година на репрезентативен примерок од сто и пет испитаника, на возраст над 65 години кои беа хоспитализирани во две јавни институции за стари лица ("Sue Rider" и Геронтолошки Завод "13 Ноември" Скопје).

Регистрирање на протетскиот статус и нивната потреба за третман беше направено од страна на стоматолози и специјалисти по стоматолошка протетика. Информациите за задоволството на геријатриските пациенти од протетските помагала што ги имаат и нивната желба за нови, ги добивме од самите пациенти кои беа замолени да пополнат

прашалник. Од вкупно 134 хоспитализирани пациенти, 105 го пополнија прашалникот (29 не беа во можност да го пополнат).

Прашалникот се состоеше од единаесет прашања од кои првите пет се однесуваа на нивните лични податоци (пол, години, национaлност, место на живеење-урбана/рурална средина, образование). Следното прашање се однесуваше на тоа дали имаат и кој вид на протетски помагала (нема; протези; мостови). Потоа, во следното прашање испитаниците одговараа дали имаат проблеми со нив во смисол: неможе да јадат; не ги носат; или пак се задоволни од нив. Осмото прашање се однесуваше на лична проценка на испитаниците за нови протетски помагала, независно од тоа дали веќе имаат или немаат. Во следното прашање испитаниците го искажуваа сопственото видување за тоа што им е познначајно во однос на забите/протетските помагала, естетиката или функцијата.

На крај сите испитаници одговараа на прашањата: „Koja е причината што не правите нови протетски помагала доколку имате потреба од нив?“ – можни одговори: нема потреба од нови/недостапна орално здравствена заштита / финансиски проблеми и „Кога последен пат сте биле на стоматолог?“ – можни одговори: оваа година/има не повеќе од 5 год. / има повеќе од 5 год. / има повеќе од 10 год.

Резултатите од добиените одговори беа обработени со статистичкиот програм SPSS 14, додека анализите за корелација беа направени со помош на Fisher exact test ($p<0,05$).

Резултати

Во трудот се анализирани вкупно 105 испитаници, од кои 31(29,5%) мажи и 74(70,5%) жени. Просечната возраст на испитаниците изнесува 75,9 Б 7,4 години (min=65 год. max=90 год.). Од вкупно 105 испитаници, 91(86,7%) се Македонци, 3(2,8%) се Албанци и 11(10,5%) се Срби. Од урбана средина потекнуваат 50(47,6%) од испитаниците, а од рурална 55(52,4%).

Од вкупно 105 испитаници вклучени во истражувањето, 46(43,8%) немаат протетски помагала а од нив 5 лица ги имаат сите свои заби, 54(51,4%) лица имаат протези и 5(4,8%) лица имаат мостови.

Од 59 испитаника кои имаат протетски помагала (54 со протези и 5 со мостови), 14 (23,7%) даваат податок дека неможат да јадат со нив, 18 (30,5%) лица не ги носат протезите, а 27(45,8%) лица се задоволни од протетските помагала кои ги имаат.

Без разлика дали имаат или немаат протетски помагала, 73(69,5%) испитаника се изјасниле дека сметаат дека им се потребни нови, од кои 32 имаат протези или мостови, а 41 лице нема никакво протетичко помагало. Останатите 27(25,7%) се задоволни од старите што веќе ги имаат, а 5(4,8%) лица ги имаат сите свои заби.

Сите 73 лица (69,5%) кои имаат потреба од нови протетски помагала, изјавиле дека заради финансиските средства неможат да направат нови протези/мостови.

Во однос на прашањето за сопствено видување за значењето на забите, односно протетските помагала, 93(88,6%) лица изјавиле дека им е поважна функцијата во однос на естетиката.

Последнава година никој од нив не посетил стоматолог, во последните 5 години посета потврдиле 15(14,3%) лица, подолго од 5 години не биле 39(37,1%) лица, а 51(48,6%) испитаник немал посета на стоматолог подолго од 10 години.

Анализата покажа дека постои поврзаност (асоцијација, корелација) помеѓу проблемите кои ги имаат испитаниците со постоечките и нивната потреба за нови протетски помагала (Fisher exact test: p=0,00001). Сите испитаници кои имаат протетски помагала со кои имаат проблеми, односно неможат да јадат или не ги носат протезите, потврдиле дека имаат потреба од нови (табела 1).

Протетски помагала имале вкупно 59 лица. Анализата покажа дека непостои поврзаност (асоцијација, корелација) помеѓу типот на постоечките протетски помагала и

***ТАБЕЛА 1.** ДИСТРИБУЦИЈА НА ИСПИТАНИЦИТЕ СПОРЕД ПРОБЛЕМИТЕ СО ПОСТОЕЧКИТЕ И ПОТРЕБАТА ЗА НОВИ ПРОТЕТСКИ ПОМАГАЛА*

проблеми со протетски помагала	потреба од нови протетски помагала		вкупно
	има	нема	
има	32	0	32
нема	0	27	27
вкупно	32	27	59

***ТАБЕЛА 2.** ДИСТРИБУЦИЈА НА ИСПИТАНИЦИТЕ СПОРЕД ТИПОТ НА ПОСТОЕЧКИТЕ И ПОТРЕБАТА ЗА НОВИ ПРОТЕТСКИ ПОМАГАЛА*

тип на протетски помагала	потреба од нови протетски помагала		вкупно
	има	нема	
протези	29	25	54
мостови	3	2	5
вкупно	32	27	59

***ТАБЕЛА 3.** ДИСТРИБУЦИЈА НА ИСПИТАНИЦИТЕ СПОРЕД ЗНАЧАЈНОСТА И ПОТРЕБАТА ЗА НОВИ ПРОТЕТСКИ ПОМАГАЛА*

значајност на протетските помагала	потреба од нови протетски помагала		вкупно
	има	нема	
функција	73	20	93
естетика	0	12	12
вкупно	73	32	105

потребата на испитаниците за нови помагала (Fisher exact test: p=0,5819). Задоволството од постоечките и незадоволството, односно потребата од нови протетски помагала е речиси подеднакво и кај испитаниците со протези и кај оние со мостови (табела 2).

Дека им се потребни нови протетски помагала потврдиле 73(69,5%) испитаници - од кои 32 имаат протези или мостови, а 41 лице нема никакво протетичко помагало. Анализата покажа дека постои поврзаност (асоцијација, корелација) помеѓу потребата на испитаниците за нови протетски помагала и нивниот став за значајноста на функцијата/естетиката на истите (Fisher exact test: p=0,00001). Сите кои имаат потреба од нови протетски помагала изјавиле дека функцијата на истите им е многу поважна од естетиката. Кај оние кои немаат потреба од нови протетски помагала, мислењата за важноста на функцијата и естетиката се поделени (табела 3).

***ТАБЕЛА 4.** ДИСТРИБУЦИЈА НА ИСПИТАНИЦИТЕ СПОРЕД ПОСЛЕДНАТА ПОСЕТА НА СТОМАТОЛОГ И ПОТРЕБАТА ЗА НОВИ ПРОТЕТСКИ ПОМАГАЛА*

последна посета на стоматолог	потреба од нови протетски помагала		вкупно
	има	нема	
последна година	0	0	0
пред помалку од 5 години	9	6	15
пред повеќе од 5 години	28	11	39
пред повеќе од 10 години	45	6	51
вкупно	73	32	105

Постои поврзаност (корелација) помеѓу потребата на испитаниците за нови протетски помагала и нивната последна посета на стоматолог (Fisher exact test: p=0,00001). Оние кои имале последна посета на стоматолог пред повеќе од десет години, значајно повеќе имаат потреба од протетски помагала (табела 4).

Дискусија

Недостатокот на забите кај старите лица над 65 години е резултат на незадоволителното ниво на орална здравствена заштита и отсуството на превентивни програми во минатото. Процентот на беззабост кај лица над 65 години во 2005 год. изнесувал во Полска 42%, Португалија 39%, Словенија 20%, Норвешка 22%, Шпанија 23% (10).

Општа е констатацијата дека кај геријатриските пациенти најчесто не се посветува доволно внимание на оралното здравје. Ова особено се однесува на лицата кои се хоспи-

тализирани во јавните геријатриски центри. Во нашето истражување најдовме загрижувачки број од само 5 испитаника (4,8%) кои ги имаа своите заби и тоа беа единствените кои имаа функционална оклузија, односно 20 или повеќе заба.

Високиот процент на испитаници 73(69,5%) кои се изјасниле дека сметаат дека им се потребни нови протетски помагала зборува за големата реална мака која ја имаат овие лица поради недостаток на забите. Всушност, 41 испитаник имал парцијална или тотална беззабост и немал никакви протетски помагала, а останатите не биле во можност да јадат со своите протетски помагала или воопшто не можеле да ги носат. За тоа зборува и фактот што за 93 (88,6%) од вкупниот број на испитаници, функцијата им е позначајна од естетиката.

Сите 73 лица кои имаат потреба од нови протетски помагала се единствени во изјавата дека недостаток на финансиски средства е главната причина што неможат да направат нови протези/мостови. Уште позагрижувачки се изјавите кои ги дале испитаниците од геријатриските центри, а кои се однесуваат на посетеноста на стоматолошките ординации. Имено, скоро половина од испитаниците (48,6%) немале посетено стоматолог подолго од десет години, а 37,1% подолго од пет години. Посетата се однесувала претежно поради болката која ја имале од некој заб. Овој податок зборува за малиот интерес на соодветните институции за оралното здравје на пациентите во јавните геријатриски центри и покрај нивната желба за санирање на забалото и изработка на протетски помагала, првенствено заради подобро хранење. Очигледно е дека финансискиот момент претставува клучен проблем, за што зборуваат самите испитаници и додека вршевме прегледи за регистрирање на нивниот протетски статус тие нескриено се радуваа мислејќи дека „некој" се сетил да им помогне бесплатно да го санираат забалото и да им направи нови протетски помагала.

Резултатите од нашите анализи се софпаѓаат со наодите на една романска студија дека една од најкомпромитираните орални функции кај старите лица кои живеат во домовите е џвакањето на храната (2). Тоа пак од друга страна претставува можна причина за појава на системски заболувања.

Многу студии укажуваат на губење на чувството за вкус кај старите лица од различни причини, а како можна причина се наведува и користењето на протези. Литературните сознанија укажуваат дека лицата со тотални протези имаат повеќе проблеми со џвакање и голтање на храната и кај нив се јавува диетална рестрикција (8).

Лезиите на меките ткива кај лица постари од 65 години во САД се проценува на околу 10-38% годишно со најголема процентуална застапеност кај стари лица кои се хоспитализирани во соодветни институции (19).

Непобитен факт е дека огромен број на стари луѓе кај нас и во светот не ја добиваат потребната орална здравствена заштита. Пред се, оралната хигиена е на исклучително ниско ниво, што претставува значаен проблем во јавните геријатриски центри (6).

Со претходното наше истражување кое го спроведовме во јавните геријатриски центри констатиравме дека старите лица во нив сакаат да ги сочуваат своите прирорни заби што подолго (13). Како една од можностите за санирање на кариозните заби ја посочивме примената на современата техника за безболно третирање како што е атрауматскиот реставративен третман (АРТ) (11,15,17). Со ова истражување ја утврдивме исклучително големата потеба од нови протетски помагала кај овие пациенти, што се наметнува како проблем кој бара сериозен и системски пристап и решавање.

Земајќи го во предвид податокот за зголемување на бројот на населението над 65 години во Р Македонија, објективната состојба и субјективните желби во однос на оралното здравје, се наметнува потреба од зголемување на грижата за оралното здравје кај оваа категорија на население. Грижата за оралното здравје кај хоспитализираните геријатриски пациенти би требало да се изведува во самите институции. Во тој кон-

текст, неопходно е да се имплементираат едукативни програми за промоција и унапредување на оралното здравје кај овие пациенти, кои би се одвивале по примерот на оние во развиените земји. Превентивни мерки за стари лица се веќе вклучени како рутинска орално здравствена грижа во нордиските и други развиени земји, а веќе се подготвуваат и во Литванија (18). Програмите треба да се базираат на научна основа и најчесто се однесуваат на подигнување на орално здравствена култура, првенствено преку унапредување на хигиенските навики кај пациентите. За таа цел се организираат обуки и за пациентите и за целокупниот здравствен персонал, со особено истакнување на фактот што лошите стандарди за орална хигиена може сериозно да го загрозат здравјето. Спроведување на поединечна обука е инсуфициентно за да може да помогне во менување на начинот на однесување (5).

Врз основа на резултатите од нашето истражување можеме да заклучиме дека кај хоспитализираните стари лица во јавните геријатриски центри во Р Македонија постои реална потреба од нови протетски помагала кај 69,5% од испитаниците. Оваа констатација се поклопува со субјективната желба на овие пациенти за санирање на забалото првенствено заради задоволување на нивната мастикаторна функција.

Ова истражување би сакале да биде поттик за надлежните институции да иницираат стратегии за спроведување на протетски третман кај старите лица во јавните геријатриски центри како би се подобрил нивниот квалитет на живеење.

PROSTHODONTICS STATUS AND TREATMENT NEED AMONG ELDERLY LIVING IN PUBLIC INSTITUTION

Nikolovska J., Mindova S., Dirjanska K., Aleksova P., Kostadinova M., Bojkovska S.

Summary

Aims: The aim of this study is to investigate the prosthodontics status and treatment need in institutionalized elderly people in Macedonia in relation to socio-economic factors.

Material and method: One hundred five subjects over 65 years in two public elderly homes were surveyed. From total number of 134 living in patients, 105 filled in a questionnaire (26 were not able because of illness). Their present prosthodontics status and treatment need in relation to socio-economic factors were analyzed. Statistical analysis was carried out using SPSS 14 program. Analises of correlations were made by non-parametric Fisher exact test ($p<0,05$).

Results: Forty six of all patients (43,8%) had not any prosthetic appliance (5 of them had all natural teeth) and fifty nine patients (56,2%) had prosthetic appliance (54 of them had removable dentures and 5 had bridges). From total number of 59 patients with prosthetic appliance 14 (23,7%) couldn't eat with them, 18 (30,5%) didn't wear them (they feel uncomforted) and 27 (45,8%) were satisfied. The patients subjective need for prosthetic treatment on examination was 73 (69,5%). There is no correlation between the type of prosthetics appliance and necessarily of new ones (Fisher exact test: $p=0,5819$). For 93 patients (88,6%) masticatory function of teeth is more important than esthetics. All of them couldn't get a

new prosthetic appliance because of the financial problems. The last year none of them didn't visit dentist, for the last 5 years only 15 (14,3%) of them and 51 (48,6%) didn't visit dentist more than 10 years.

Conclusions: There is a high prevalence of toothless institutionalized elderly people in Macedonia. Most of the patients (69,5%) suffer because of toothless problems or problems with prosthetic appliance as result of their low incomes. This survey can helps in establishing prosthodontics treatment strategies for elderly in public homes in order to improve their quality of life.

Key words: elderly, elderly homes, prosthodontics status and treatment needs.

Литература

1. Adams C, Slack-Smith LM, Larson A, O'Grady MJ. Edentulism and associated factors in people 60 years and over from urban, rural and remote Western Australia. Australian Dental Journal 2003; 48:(1):10-14.
2. Andreescu CF, Monea A, Doina Lucia Ghergic. Evaluation of mastication in elderly people. OHDMBSC 2004; 3(2): 36-40.
3. Barysenka L. Oral health of the elderly people living under different conditions. OHDMBSC 2006; 5(2): 16-20.
4. Braine T. More oral health care needed for ageing populations. Bulletin of the WHO. September 2005; 83(9).
5. British Society for Disability and Oral Health. Guidelines for Oral Health Care for Long-stay patients and Residents, 2000.
6. Coleman P, Watson N. Oral Care Provided by Certified Nursing Assistants in Nursing Homes. J Am Geriatr Soc 2006; 54: 138-143.
7. Crowley, T., Stephenson, I. & Kelleher, V. Oral Health Services Research Centre University Dental School & Hospital, Cork. Evidence-Based Oral Health Policy for Older People Interim Report 2. Protocol number: OHSRC00105
8. Delilbasi C, Cehiz T, Akal U,Yilmaz T. Evaluation of some factors affecting taste perception in elderly people. OHDMBSC 2003; 4(6):29-35.
9. Државен завод за статистика на Република Македонија. Македонија во бројки, Скопје 2009.
10. EU Manual of Dental Practice 2008. In: Kravitz A, Treasure E. (Ed.) The Council of European Dentist, 2008.
11. Honkala S. Honkala E. Atraumatic dental treatment among Finnish elderly persons. J Oral Rehabil.2002; 29(5):435-40.
12. www.hud.gov/offices/pih/programs/ph/
13. Николовска Ј, Ѓоргиевска Е, Грчев А. Прелиминарни испитувања на состојбата на оралното здравје кај геријатриски пациенти од Република Македонија. Макед Стоматол Прегл 2010;34(1-2):49-55.
14. Petersen P. The World Oral Health Report 2003: continuous improvement of oral health in the 21st century – the approach of the WHO global Oral Health Programme. Community Dent Oral Epidemiol 2003; 31 (suppl.1): 3-24.
15. Rabello T. Research proposal: evaluation of the ART approach in elderly patients. J Appl Oral Sci. 2006;14 Suppl:30-3.
16. Sanders AE. Spencer AJ. Why do poor adults rate their oral health poorly? Australian Dental Journal 2005; 50(3):161-167.
17. Thiago-Saads C, Talitha-Rodrigues R, Bönecker M, Elayne-Cristina-Morais P, Colares V. The atraumatic restorative treatment approach: An "atraumatic" alternative. Med Oral Patol Oral Cir Bucal. 2009; 1; 14 (12): e668-73.
18. Vyšniauskaite S. Oral health behaviour, conditions and care among dentate elderly patients in Lithuania: preventive aspects (Academic dissertation). Department of Oral Public Health, Institute of Dentistry, Faculty of Medicine, University of Helsinki, Finland 2009.
19. Whitman LA, Whitman J. Improving Dental and Oral Care Services for Nursing Facility Residents. The TRECS Institute, Florida, 2006.